Бр./Nr 12-1047/6
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-1047/1 од 06.03.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости и судир на интерес во Општинското основно училиште „----" ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во предметниот случај постапуваат други надлежни органи.

Предметот со бр. 12-1047/1 од 06.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 06.03.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости и судир на интерес во Општинското основно училиште „----" ---- и оформен е предмет бр. 12-1047/1 од 06.03.2026 година. Наводите во пријавата се однесуваат за одделенската наставничка ----, која е назначена како наставник-ментор и паралелно помошник директор со полно работно време во период од 4-5 години. Според подносителот, истата не извршувала редовна настава и немала паралелка на која предава, но и покрај тоа, таа била оценувана за напредување во звање наставник советник од директорот на училиштето и од советничката ----, иако во реалноста не ја извршувала функцијата наставник-ментор.

Дополнително, во моментот на поднесувањето на пријавата наставничката ---- не извршувала функција ниту како одделенски наставник, ниту како помошник директор, бидејќи била привремено разрешена додека завршела постапката за напредување во звање наставник советник. И покрај тоа, таа редовно земала плата, без јасно определено работно место и задачи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ) и Министерството за образование и наука (понатаму: МОН).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

ДПИ известува дека бил извршен вонреден инспекциски надзор над работењето на училиштето, по што бил составен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП бр. ---- од 17.04.2026 година. Инспекторот констатирал неправилности при евиденција на часови во клас V7 (кадешто не предавало лицето ----), како и неправилности во постапката за разрешување на лицето ---- од функцијата помошник директор, именувањето на нов помошник директор, како и распределувањето на раководители на паралелки. За наведените неправилности, инспекторот изрекол инспекциска мерка – Укажување на директорот на училиштето со врачување на покана за едукација, а во однос на евидентирањето на часови во е-дневник да се води на неделна основа согласно член 93 став 4 од Законот за основно образование.
Во однос на наводите во инцијативата која се однесува на извршеното оценување за напредување во звање на наставник советник на лицето ----, ДПИ нема надлежности утврдени во член 9 од Закон за просветна инспекција, поради што државниот просветен инспектор за констатираната состојба за наводите за кој не е надлежен, согласно член 34 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година и Службен весник на РСМ бр.3/25), ќе достави известување до Министерот за образование и наука за негово запознавање и понатамошно постапување согласно неговите надлежности.
Дополнително, при вонредниот инспекциски надзор било утврдено дека постапката за напредување во звање наставник советник сеуште не е завршена.

МОН известува дека во моментот на пријавување на Јавниот повик за напредување во звање наставник советник, ----ги извршувала своите работни должности како помошник директор на ООУ "----" ----до 30.01.2026 година. Исто така, известуваат дека во Законот за основно образование не е уредено дека звањето наставник-ментор мирува додека се извршува функцијата помошник директор.
МОН во прилог на дописот, доставил и Одговор даден од страна на Секторот за образование при МОН (Комисија 3 за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањето наставник советник), во врска со апликацијата на ----, каде известува дека истата има освоено вкупно 203,1 бод, и заедно со уште 40 кандидати (вкупно 41 апликант за наставник-советник), продолжуваат во следната фаза, односно се поднесува барање до Бирото за развој на образованието за исполнетоста на стандардите како и барање до училиштето во кое работи кандидатот за доставување на мислење за исполнетоста на стандардите за наставник-советник.
МОН има добиено допис од училиштето, согласно кој на ---- и имаат доделено вкупно 25 бодови од можни 25 бодови.
До МОН е доставена и оценка за исполнетоста на професионални стандарди за наставник-советник добиено од страна на Бирото за развој на образованието, во која кандидатот ---- одделенски наставник во ООУ „----" од ----има добиено вкупно 98 бодови од можни 100 бодови.
Врз основа на горенаведеното, како и имајќи го во предвид член 9 и член 10 од Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник ментор и наставник советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите („Службен весник на Република Северна. Македонија", бр. 148/25 и 263/25), за начинот на бодувањето и изготвување на Ранг листата, кандидатот ---- има освоено вкупно 223 бодови и истата е треторангирана во општина ----.

Видно од одговорите доставени од страна на надлежните институции, како и предметната документација доставена на увид од истите, спорната постапка за напредување во звање на наставник советник се спроведува согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 161/2019), Законот за основно образование училишта ("Службен весник на Република Северна

Македонија", бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 111/2026), како и релевантните подзаконски акти.
Дополнително, во Законот за основно образование не е предвидено дека звањето наставник ментор мирува додека се извршува функцијата помошник директор.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**